Стоматолошка комора на Македонија

# Д Е Л О В Н И К

За работа на комисијата за издавачко пропагандна и информативна дејност

Скопје 2018 година

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА
НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-1407/1
07.11 2018 год
СКОПЈЕ

*Врз основа на член 50 став 7 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија на својата редовна седница одржана на ден 24.10.2018 година донесе*

Арх. знак 0201
Рок на чување
07.11 2018 год.
Потпис,

# ДЕЛОВНИК

## ЗА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗДАВАЧКО ПРОПАГАНДНА И ИНФОРМАТИВНА ДЕЈНОСТ

### на Стоматолошката комора на Македонија

**1. ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

Со овој Деловник се уредува составот, надлежностите, начинот на работа и одлучување како и правата и надлежностите на членовите на Комисијата за издавачко пропагандна и информативна дејност (во понатамошниот текст Комисија) на Стоматолошката комора на Македонија.

**Член 2**

Комисијата има 5 (пет) члена кои се бираат на седница на Собранието на Стоматолошката комора на Македонија.
Со седниците на Комисијата раководи претседателот на Комисијта кој ја координира работата на Комисијата, согласно овој Деловник, а во негово отсуство заменик на претседател на Комисијата.
Конститутивната седница на Комисијата ја свикува претседателот на Комисијата на која се бира заменик на претседател на Комисијата.
Комисијата седниците ги закажува самостојно, по иницијатива на Претседателот на Стоматолошката комора на Македонија, Извршниот одбор или Собранието на Стоматолошката комора на Македонија.
Комисијата е должна да поднесе годишен или конечен извештај за својата работа на крајот на мандатот.
По потреба, поради поефикасно и построучно извршување на одредени активности, Комисијата од составот на своите членови и други членови на Комората како и експерти од одредена област, може да формира работни групи кои во однос на својата работа се во соработка со претседателот на Комисијата.

## 2. ПРАВА, НАДЛЕЖНОСТИ И ЗАДАЧИ НА КОМИСИЈАТА

**Член 3**

Комисијата своите надлежности и задачи ги реализира самостојно во рамките и нормите предвидени со Статутот на Стоматолошката комора на Македонија и овој Деловник.

**Член 4**

Комисијата во однос на својата работа ги има следните надлежности и задачи:
- во соработка со главниот и одговорниот уредник да го координира, следи и реализира издавањето на инфортмативното списание VOX DENTARII на Стоматолошлата комора на Македонија.
- да го следи и да се грижи за навременото информирање на членството на Стоматолошката комора на Македонија и јавноста за сите планирани активности на Комората, нејзините одбори, Комисии и други работни тела и органи.
- да го информира членството на Стоматолошката комора на Македонија за измените и тековната законска и подзаконска правна регулатива и општо за едукацијата и состојбата во сферата на стоматологијата во Република Македонија.
- да го информира членството на Стоматолошката комора на Македонија за обврските и остварувањата на нивните права во секојдневното работење и функционирање на стоматолошките здравствени установи, состојбите во сферата на финансирањето и односите со Фондот за здравство, Министерството за здравство и другите актуелни прашања од интерес за стоматолошката дејност
- да го информира членството на Стоматолошката комора на Македонија за планираните годишни конгреси, симпозиуми и друг вид на работилници или активности за подобрување на нивото на стручност и квалификуваност на кадарот по стоматологија во државата, како и за стекнување на потребниот квантум на поени за стекнување и обновување на лиценците
- преку информативното гласило да објавува кратки стручни излагања, мислења, осврти и друг вид на трудови на актуелни теми
- во просторот и деловите на пропаганда на информативното гласило да објавува маркетинг реклами за производи и усуги на фирми и претпријатија во врска со стоматолошката дејност
- да врши активности кои се поврзани со остварувањето на информативно-пропагандната дејност на Комисијата
- организира и одржува прес-конференции по потреба
- врши и други работи определени со Статутот и другите акти на Комората или други работи што ќе и ги довери Собранието на Комората

## 3. НАЧИН НА РАБОТА И ОДЛУЧУВАЊЕ

**Член 5**

Седниците на Комисијата се отворени од јавен карактер за членството на Стоматолошката комора на Македонија.
Во исклучителни ситуации, по барање и одобрување на одредени раководни органи на Стоматолошлата комора на Македонија или со одлука на самата Комисија, седниците можат да бидат од затворен карактер.
Седниците се закажуваат по потреба, а најмалку (4) четири пати годишно преку стручната служба на Комората и Секретарот на Комората кој помага во организацијата и подготовката на материјалите и истите се одржуваат во просториите на Стоматолошката комора на Македонија.

**Член 6**

Седниците се закажуваат најдоцна 5 (пет) дена пред денот на одржување на седницата, а покана со предлог дневен ред како и потребните материјали за седницата, се испраќаат до секој член од Комисијата по електронска пошта и тоа најдоцна 3 (три) дена пред одржувањето на седницата, а во случај на итност, седницата може да биде закажана и телефонски.

**Член 7**

На седниците се води записник, во кој задолжително се евидентира присутноста на членовите, усвоениот дневен ред , заклучоци и одлуки и истиот го потпишува претседателот на Комисијата.
Членовите на Комисијата се должни да присуствуваат на седниците и да учествуваат во работата на Комисијата, а во случај на оправдана спреченост на било кој член, истиот е должен за тоа да го извести претседателот на Комисијата.
По една точка од дневниот ред, секој член на Комисијата има право да дискутира најмногу до 10 (десет) минути.
Комисијата одлуките и заклучоците ги носи со мнозинство гласови од вкупниот број присутни членови на Комисијата и истите треба да бидат почитувани од секој член без разлика на нивниот став при гласањето во однос на тоа дали биле за или против некоја одлука односно заклучок.

**Член 8**

Членовите на Комисијата имаат право да поднесат оставка.
Оставката се поднесува во писмена форма со образложение за причините до претседателот на Комисијта, кој е должен веднаш да ја достави до Извршниот одбор на Комората и да бара назначување на нов член во Комисијата согласно Статутот на Стоматолошката комора на Македонија.
Претседателот на Комисијата поднесува писмена оставка до Претседателот на Стоматолошката комора на Македонија и претседателот на Собрание на Комората.

## 4. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 9**

За се што не е регулирано со овој Деловник и Статутот на Комората.

**Член 10**

Овој Деловник стапува на сила од денот на неговото усвојување од страна на Собранието на Стоматолошката комора на Македонија.

**Член 11**

Измени и дополнувања на овој Деловник се вршат на начин и во постапка утврдени за негово донесување.

**Скопје 24.10.2018 година**

**Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател**
**Д-р Маријан Денковски**

**Собрание на Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател**
**Д-р Оливер Манасиев**